# ПОВИК ЗА ИЗБОР НА МОДЕРАТОР/КА ЗА ТРКАЛЕЗНИ МАСИ ПОВРЗАНИ СО ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЗАКОНСКИТЕ РЕШЕНИЈА ЗА ПРОБЛЕМОТ НА СЕМЕЈНОТО И РОДОВО БАЗИРАНО НАСИЛСТВО, КАКО И ПОДОБРУВАЊЕ НА МЕЃУСЕБНАТА СОРАБОТКА

## 1. Контекст на задачата

Сојуз Национален Совет за Родова Рамноправност претставува национална, мултиетничка, мултигенерациска, креативна мрежа ориентирана кон иднината и посветена на постигнување родова еднаквост, развој, заштита на женските/човекови права и мир.НСРР има мисија да ги промовира правата на жените, да работи на елиминација на сите форми на дискриминација на жените и на изградба на општество со еднакви можности за сите.

За спроведувањето на својата програма за 2023 НСРР обезбеди оперативен грант од фондови на Европската Унија. Во согласност со Стратегијата на НСРР, целта на годишната програма е да придонесе кон родова рамноправност и почитување на човековите права во Република Северна Македонија. Специфично во текот на 2023 година со поддршката обезбедена од ЕУ НСРР ќе се стреми кон:

- Зајакнување на ефективноста, ефикасноста, транспарентноста, отчетноста и одржливоста на мрежата и нејзините регионални центри;
- **Намалување на родово-базирано насилство, насилство врз жената и семејно насилство и реинтеграција на жртвите од родово-базирано насилство, насилство врз жената и домашно насилство;**
- Зголемување на стапката на економски зајакнати жени и намалување на јазот на платите помеѓу мажите и жените;
- Еднакво учество на жените во политичкиот и јавниот живот и во сите сфери на општеството;
- Вклученост и активно учество на жените во процесите за градење мир, преговори и донесување одлуки при справување со кризи;
- Вклученост и активно учество на жените во процесите на прилагодување кон климатските промени.

Спроведувањето на активностите од годишната програма е предвидено да биде следено од страна на надворешен експерт/ка.

**2. Опис на работни задачи и испорачани услуги**

**Обучувачот/ката треба да подготви и испорача три тркалезни маси ПОВРЗАНИ ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЗАКОНСКИТЕ РЕШЕНИЈА ЗА ПРОБЛЕМОТ НА СЕМЕЈНОТО И РОДОВО БАЗИРАНО НАСИЛСТВО, КАКО И ПОДОБРУВАЊЕ НА МЕЃУСЕБНАТА СОРАБОТКА**

Модераторот/ката ќе треба да развие методологија за спроведување на тркалезните маси во соработка со програмската менаџерка и проектниот тим, како и да ги модерира истите. Од модераторот/ката се очекува да дејствува како неутрален учесник во дискусијата, да обезбеди сите учесници да внимаваат на временските ограничувања за време на дискусијата како и да обезбеди што помало застранување од темата ипрашањата што се поставуваат за време на дискусијата. Воедно, модераторот/ката има задача да постави соодветен тон на разговорот како и, да ги поттикне гостите да учествуваат така што атмосферата ќе биде отворена и интимна.

**Целите и содржината на тркалезните маси ќе биде :**

- Идентификување на јазовите и предизвиците во имплементација на законските решенија поврзани со семејното насилство;
- Презентација на тековната состојба, споделување на знаења и искуства евидентирани од страна на операторките на националната, мобилна, бесплатна СОС линијата 141 700 и Советувалиштето за жени жртви на семејно и родово базирано насилство, што функционираат во рамки на НСРР;
- Развивање на препораки и акциски планови за поефикасна имплементација на законските решенија поврзани со семејното насилство;
- Поттикнување на континуирана соработка меѓу засегнатите страни кои работат кон иста цел;
- Заклучоците и препораките што ќе произлезат од тркалезните маси ќе претставуваат основа за застапување и лобирање за измени на законската рамка и/или интервенција во структурите и практиките за спроведување. .

Тркалезните маси ќе опфатат презентација на законската рамка поврзана со семејното насилство во РСМ, анализа на успешни интервенции, како и дискусија поврзана со предизвиците со кои се соочуваат засегнатите страни, со цел да се обезбеди навремен, стручен одговор и решавање на проблемот на семејното насилство во корист на жртвите.

Планирани се три тркалезни маси со претставници од стручните оддели на државните институции на сите нивоа, како и претставници од граѓанскиот сектор.

## 2. Специфични активности и очекувани резултати

Следните активности треба да бидат реализирани од страна на модераторот/ката:

- Да модерира три тркалезни маси;
- Пред тркалезните маси да подготви предлог за тема, поттеми за дискусија, развивање на агенда и материјали и истите ќе ги сподели со раководителката на проектот;
- Да обезбеди сите учесници да внимаваат на временските ограничувања за време на дискусијата;
- После спроведените тркалезни маси да изготви и поднесе извештај најдоцна 7 работни дена по завршувањето на истите.
- Да обезбеди секој да добие шанса да се вклучи во дискусијата.
- Да ја разработи темата за дискусија со цел да обезбеди соодветна структура за поставување прашања и добивање одговори, модерирање на дискусија и евидентирање на промени во текот на дискусијата;
- Да подготви визуелно привлечни материјали и пријатни активности кои ќе овозможат брзи и ефективни дискусии;
- Ќе се погрижи учесниците да се чувствуваат удобно да поставуваат прашања, како и да прифатат неосудувачки пристап кон гледиштата на останатите учесници;
- Да се погрижи учесниците да не застрануваат од зададената тема;
- Да им посочи на учесниците дека тркалезна маса ќе остане доверлива;
- Да се придржува до етичките и професионални стандарди, вклучително одржување на доверливост и непристрасност во сите дискусии и интеракции;
- Да ги заклучува и сумира главните точки од состаноците, дискусиите и договорените изјави/дејства.

## 3. Времетраење и период на спроведување на активностите

За овој ангажман се предвидени вкупно 3 работни денови. Активностите треба да се реализираат во првата недела од месец јуни (07,08 и 09.06.2023).

## 4. Квалификации и барања кои треба да ги задоволи експертот/ката

Обучувачот/ката се очекува да ги исполнува следните критериуми:

*Општо професионално искуство*

- Високо образование од областа на општествени науки.
- Минимум 5 години работно искуство.

*Специфично професионално искуство и вештини*

- Искуство во работа со претставници од државни институции, граѓански организации и даватели на услуги во областа на семејно и родово базирано насилство;

- Широко познавање и работно искуство во рамките на легислативата поврзана со семејно и родово базирано насилство,
- Одлично познавање на македонски јазик.
- Одлични комуникациски вештини.
- Способност за работење со кратки рокови и навремено испорачување на услуги.

**5. Пријавување и избор**

Заинтересираните кандидати/ки можат да се пријават со доставување на следниве документи:

- Писмо за изразување интерес;
- Професионално CV;
- Листа од три лица и нивни контакти за препораки од слични работни ангажмани;
- Финансиска понуда, која вклучува надомест по ден во бруто износ изразена во македонски денари, со вклучен персонален данок на доход.

Пријавите треба да се достават најдоцна **до 22.05.2023** на е-пошта: sozm@t.mk и teazografska@gmail.com , stankovikmartina@gmail.com со предмет: **Апликација за МОДЕРАТОР/КА ЗА ТРКАЛЕЗНИ МАСИ.**

Критериуми за избор на модераторот/ката се претходното релевантно професионално искуство, квалитетот на предложената методологија и финансиската понуда. Кандидатите/ките кои ќе влезат во потесен избор може да бидат повикани на интервју. Апликации со нецелосна документација нема да се разгледуваат.